ИЗВЕШТАЈ

од Самоевалуација на ООУ „Ванчо Николески“ – Лескоец, Охрид

период 2024 – 2026 година

Врз основа на Законот за основното образование („Службен весник на РСМ“ Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година) Општинското основно училиште „Ванчо Николески“ изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2024 до 2026 година.

За таа цел на предлог на директорот на училиштето Училишниот одбор на својата седница одржана на 15.04.2026 година формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниов состав:

1. Весна Терзиоска – педагог
2. Александра Трпеска – психолог
3. Елеонора Ѓорѓиеска – одделенски наставник
4. Елисабета Настоска – предметен наставник
5. Билјана Трајкоска – претставник на Совет на родители

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот од јануари – август 2026 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно – образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

Подрачје	Членови на тимот
1. Планирање, настава и учење	Елеонора Ѓорѓиеска – одговорна на тимот Билјана Танеска Марјана Крстаноска Марија Крцоска Јасна Бадалоска Елизабета Јанеска Жаклина Трипунова Ана Ристевска Петар Киселинов Ивана Крстаноска Дијана Димитријеска Даниела Чифлигароска Орнела Усовиќ Татијана Симиџиоска Владимир Наумоски Билјана Мојсоска
2. Постигања на учениците	Весна Терзиоска – одговорна на тимот Александра Трпеска Горан Матески
3. Училишна клима и односи во училиштето	Елисабета Настоска – одговорна на тимот Александра Петревски Емилија Блажеска

	Елизабета Велјаноска Жаклина п. Митковска Тони Црвенкоски Христина Мојсоска Зорица А. Спасеска Наталија Јованова Татјана Паскали
4. Управување и раководење	Татјана Пуцоска – одговорна на тимот Ивана Најдеска Јосифоска Габриела Ѓоргиевска Игор Настоски Тони Горѓиески Елена Митреска Љубица Ангова Весна Симоноска Цвета Андреска Миле Аврамоски

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Програмата за развој на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.

Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 31.08.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Програмата за развој на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

Подрачје 1: Планирање, настава и учење

Во ООУ „Ванчо Николески“ планирањето, реализацијата и следењето на наставниот процес се одвиваат систематски, во согласност со важечките наставни планови и програми, Концепцијата за основно образование и насоките на МОН и БРО. Наставниците навремено изработуваат годишни, тематско-процесни и оперативни планирања, како и планирања за дополнителна и додатна настава, воннаставни активности и работа со ученици со посебни образовни потреби. Стручната служба континуирано го следи квалитетот и реализацијата на планирањата, дава стручна и консултативна поддршка и презема активности за надминување на воочените недостатоци. Особено значајна е поддршката на наставниците при изработката на планирањата, следењето на оперативните планирања и педагошката евиденција, како и поддршката на нововработените наставници преку менторство.

Планирањето се унапредува преку размена на искуства и примери од добрата практика во рамките на стручните активи, консултации со стручната служба, интерни и екстерни обуки и дисеминација на стекнати знаења. Наставниците соработуваат во рамките на сродни предмети и стручни активи и ги приспособуваат дадените програмски документи на потребите и можностите на учениците и училиштето.

Наставниот процес се реализира во согласност со наставните планови и програми и во предвидениот фонд на часови. Во наставата се применуваат разновидни методи, форми и техники на работа кои овозможуваат активна вклученост на учениците и интеракција меѓу наставникот и учениците, меѓу самите ученици и меѓу учениците и наставните материјали. Се применуваат дискусии, истражувачки активности, презентации, практични вежби, демонстрации, дебати, како и различни современи наставни техники и графички организатори. Во планирањето и реализацијата на наставата се користат ИКТ, нагледни средства, дидактички материјали, интернет-ресурси и ученички проекти. Училиштето располага со релативно добра материјално-техничка опременост, вклучително и телевизори во училниците, кабинет по информатика, библиотека, училница во природа, инклузивна соба и една смарт табла.

Во училиштето се посветува внимание на индивидуалните потреби, способности, интереси и можности на учениците. Образовната инклузија се реализира преку работа на училишниот инклузивен тим и тимовите за инклузија за учениците со посебни образовни потреби, изработка и реализација на индивидуални образовни планови и соработка со стручни лица и ресурсниот центар. Ангажирањето на образовни асистенти претставува значајна поддршка во инклузивниот процес. Воедно, како предизвик останува обезбедувањето доволен број образовни асистенти за сите ученици кај кои е утврдена потреба од таква поддршка.

На учениците им се овозможува избор на слободни изборни предмети и активности согласно нивните интереси и можностите на училиштето. Изборот се реализира преку анкети, а понудата опфаќа содржини од различни области – природни и општествени науки, уметност, спорт, информатика, програмирање, личен и социјален развој и други области од интерес за учениците.

Од добиените резултати од анкетата со учениците може да се констатира дека поголемиот дел од учениците ја доживуваат наставната средина како стимулативна. Од 68 анкетирани ученици, 66,2% сметаат дека училницата и наставните средства во голема мера ги стимулираат да учат и да постигнуваат повисоки резултати, додека 80,9% сметаат дека сите наставници ги стимулираат да постигнуваат повисоки резултати. Во однос на атмосферата за учење, 72,1% од учениците ја оценуваат како дисциплинирана, работна и поттикнувачка. Сепак, дел од учениците укажуваат на повремена или постојана недисциплина кај одредени ученици, што претставува област за понатамошно следење и унапредување. Резултатите покажуваат и дека постои простор за поголемо и порамномерно поттикнување на учениците од страна на сите наставници.

Оценувањето е составен и континуиран дел од наставниот процес. Наставниците применуваат формативно, сумативно и дијагностичко оценување и користат различни методи и инструменти: усна и писмена повратна информација, наставни листови, чек-листи, аналитички листи, самооценување, проекти, тестови, домашни задачи и следење на активноста на учениците. Наставниците изготвуваат критериуми за оценување во согласност со националните насоки, а информациите добиени преку оценувањето се користат за следење на напредокот, планирање на понатамошната работа и информирање на учениците и родителите.

Во однос на постигнувањата, во учебната 2024/25 година средниот успех на учениците од IV до IX одделение изнесувал 4,14, додека во учебната 2025/26 година изнесувал 4,09. Во двете учебни години нема ученици со слаби оценки, а најголем дел од учениците се со добар, многу добар и одличен успех. Намалувањето на средниот успех во 2025/26 година за 0,05 во однос на претходната година претставува показател кој треба да се следи преку анализа на постигнувањата и преземање соодветни мерки за подобрување.

Училиштето реализира разновидни воннаставни активности, слободни ученички активности, секции, спортски активности, натпревари, хуманитарни и општествено-корисни активности, екскурзии, излети, посети и проектни активности. Посебно место имаат Еразмус+ активностите, во кои учениците активно учествуваат преку Еразмус+ клубот. Учениците учествуваат на училишни, општински, регионални и државни натпревари во различни области, како и на спортски натпревари, при што се постигнуваат и се промовираат значајни резултати.

Во целина, подрачјето покажува воспоставен систем на планирање, реализација, следење и оценување на наставниот процес, со развиена стручна поддршка, разновидни наставни и воннаставни активности и добра вклученост на учениците. Како области за понатамошно унапредување се издвојуваат порамномерната примена на современи и стимулативни наставни пристапи, подобрувањето на работната атмосфера во сите паралелки, поголемото вклучување на учениците во планирањето на воннаставните активности, унапредувањето на индивидуализацијата на наставата и обезбедувањето соодветна поддршка за сите ученици со посебни образовни потреби.

Силни страни

- Систематско и навремено планирање на наставата – наставниците изработуваат годишни, тематско-процесни и оперативни планирања, како и планирања за дополнителна, додатна и воннаставна работа.
- Континуирана стручна поддршка и следење од страна на ПЦС – редовно се врши увид во планирањата, оперативните сценарија, електронските дневници и реализацијата на наставата, со консултативна поддршка за наставниците.
- Развиена соработка меѓу наставниците – постои размена на искуства, идеи и материјали во рамките на стручните активи и меѓу наставници од сродни предмети.
- Примена на разновидни современи методи и техники во наставата – дискусии, истражувања, презентации, практична работа, дебати, интерактивни техники и графички организатори.
- Активна употреба на ИКТ и различни наставни ресурси во планирањето и реализацијата на наставата.
- Добра материјално-техничка опременост на училиштето, со современи наставни средства, телевизори во училниците, кабинет по информатика, библиотека, инклузивна соба, училница во природа и смарт-табла.

- Воспоставен систем за инклузивно образование преку училишен инклузивен тим, тимови за инклузија на учениците, индивидуални образовни планови и соработка со релевантни стручни служби.
- Организирано и континуирано оценување на учениците, со примена на формативно, сумативно и дијагностичко оценување и различни инструменти за следење на напредокот.
- Континуирано следење на постигањата на учениците и користење на информациите од оценувањето за планирање на понатамошната работа.
- Позитивна перцепција на учениците за наставната средина – 66,2% од анкетираните ученици сметаат дека училниците и наставните средства во голема мера ги стимулираат за учење, а 80,9% сметаат дека сите наставници ги поттикнуваат да постигнуваат повисоки резултати.
- Добра работна и поттикнувачка атмосфера во најголем дел од паралелките – 72,1% од учениците ја оценуваат атмосферата за учење како дисциплинирана и поттикнувачка.
- Разновидна понуда на слободни изборни предмети и активности, со можност учениците да избираат содржини според своите интереси.
- Развиена понуда на воннаставни активности – спортски, културно-уметнички, еколошки, јазични, музички, драмски, Еразмус+, 3Д моделирање и други активности.
- Активно учество и постигнувања на учениците на натпревари на училишно, општинско, регионално и државно ниво.
- Развиена проектна активност, особено преку Еразмус+ проектите и соработката со партнерски училишта.
- Континуирана промоција на ученичките постигања преку училишната веб-страница, социјалните мрежи и локалните медиуми.

Слаби страни

- Нееднаква мотивираност на учениците од страна на сите наставници – 14,7% од учениците сметаат дека само некои наставници ги стимулираат за повисоки постигања, а 4,4% сметаат дека никој од наставниците не ги стимулира.
- Појава на проблеми со дисциплината кај одредени ученици – 25% од учениците укажуваат на повремена недисциплина, а 2,9% на постојана недисциплина која им го отежнува следењето на наставата.
- Влошување на показателот за атмосферата за учење во однос на претходната самоевалуација – за разлика од СЕУ 2022, во актуелното истражување има ученици кои ја оценуваат атмосферата како постојано недисциплинирана.
- Намалување на средниот успех во IV–IX одделение од 4,14 во 2024/25 на 4,09 во 2025/26 година, што укажува на потреба од дополнителна анализа на факторите што влијаат врз постигањата.
- Недоволен број образовни асистенти за сите ученици кај кои постои потреба од дополнителна образовна поддршка.
- Ограничена можност за избор на воннаставни активности од страна на учениците, бидејќи изборот во значителна мера зависи од секциите што наставниците можат и сакаат да ги организираат.
- Потреба од понатамошно унапредување на индивидуализацијата на наставата, особено во однос на различното ниво на знаења, способности, интереси и темпо на учење на учениците.

- Потреба од поголема систематичност во користењето на податоците од оценувањето за идентификување на ученици со потешкотии и планирање конкретни интервенции за подобрување на нивните постигања.
- Потреба од понатамошно унапредување на ученичкото учество во планирањето на воннаставните активности, односно преминување од избор меѓу однапред понудени активности кон поголема можност учениците да предлагаат и креираат активности.
- Потреба од континуирано следење на ефектите од примената на современите наставни методи, не само преку увид во планирањата, туку и преку мерење на нивното влијание врз активноста, мотивацијата и постигањата на учениците.

Приоритети

- Изработка и реализација на план за подобрување на мотивацијата на учениците, со споделување успешни практики меѓу наставниците и примена на различни техники за поттикнување на активното учење.
- Организирање интерни обуки и работилници за современи наставни методи, со посебен акцент на активното учење, диференцираната настава, индивидуализацијата и мотивацијата на учениците.
- Воспоставување поинтензивен систем за следење на дисциплината и работната атмосфера, со навремена идентификација на причините за недисциплина и координирани мерки од наставниците, одделенските раководители и ППС.
- Периодично повторување на анкетите со учениците за нивната мотивација, задоволство и атмосферата за учење, со анализа на промените во однос на почетната состојба.
- Изработка на конкретни мерки за подобрување на постигањата на учениците, особено преку дополнителна настава, индивидуална поддршка, диференцирани задачи и следење на напредокот.
- Унапредување на системот за индивидуализација и диференцијација на наставата, со планирање задачи со различна сложеност и прилагодување на активностите кон можностите и потребите на учениците.
- Продолжување на активностите за обезбедување образовни асистенти за учениците со утврдена потреба и зајакнување на соработката со ресурсниот центар и другите релевантни институции.
- Понатамошно унапредување на инклузивните практики, преку размена на искуства, стручни обуки и споделување успешни примери за работа со ученици со посебни образовни потреби.
- Унапредување на формативното оценување, со поголема примена на самооценување, врсничко оценување, рубрики и јасни повратни информации насочени кон тоа што ученикот треба да подобри.
- Поголемо користење на резултатите од оценувањето за планирање на наставата, преку редовна анализа на постигањата во рамките на стручните активи.
- Продолжување со збогатување на наставните ресурси и дигиталната опрема, особено преку проекти, донации и партнерства.
- Понатамошно развивање на проектната и меѓународната соработка, особено преку Еразмус+ и други можности кои овозможуваат учениците да стекнуваат практични, социјални, дигитални и интеркултурни компетенции.

Подрачје 2 Постигања на учениците

Опис/резиме на подрачјето

Во училиштето постои воспоставен систем за континуирано следење, анализа и унапредување на постигањата на учениците. Успехот на учениците се следи по наставни предмети, одделенија, паралелки и класификациони периоди, при што се прават и споредби со претходната учебна година. За секој класификационен период се изготвуваат прегледи и табели со ученици со слаби оценки, преку кои се следи бројот на учениците со недоволен успех, бројот на предмети по кои имаат слаби оценки и потребата од дополнителна поддршка. Анализите се презентираат и разгледуваат преку извештаите по класификациони периоди, полугодишните и годишните извештаи, наставничките совети и други релевантни педагошки документи.

Следењето на постигањата овозможува навремено идентификување на учениците кои имаат потешкотии во учењето, но и препознавање на учениците кои покажуваат посебни способности и интереси. Во процесот на идентификација и поддршка се вклучени одделенските раководители, наставниците, стручната служба и родителите/старателите. За идентификување на учениците со тешкотии во учењето и надарените ученици стручната служба применува соодветни инструменти и методи, а за учениците со посебни образовни потреби се користи релевантна документација и проценка од стручни лица. Во училиштето се опфатени **6 ученици со посебни образовни потреби**, за кои се преземаат соодветни мерки за поддршка.

Редовноста на учениците во наставата се следи континуирано и се оценува како задоволителна. Споредбата на податоците за изостаноците покажува намалување на вкупниот број изостаноци од **9.261 во 2024/25 на 6.471 во 2025/26 година**, односно за околу 30%. Намалување има и кај оправданите и кај неоправданите изостаноци. И покрај тоа што вкупниот просек на изостаноци останува ист – **12,5**, потребно е понатамошно следење на причините за отсуствата, особено на промените во просекот во одделни периоди.

Училиштето применува и советодавна работа како мерка за подобрување на постигањата, редовноста и однесувањето на учениците. Во 2025/26 година се забележува зголемен број советувања и на ученици и на родители/старатели. Кај учениците се регистрирани **69 советувања**, во споредба со 63 во претходната година, а кај родителите/старателите **41 советување**, во споредба со 37 во 2024/25 година. Најчеста причина за советување на учениците е несоодветното однесување во училиштето, а во 2025/26 година се забележува и зголемување на советувањата поврзани со намален успех. Овие податоци укажуваат на потреба од континуирана индивидуална поддршка и превентивна работа.

Родителите/старателите редовно се информираат за успехот, напредувањето, редовноста и однесувањето на учениците преку родителски средби, индивидуални разговори, електронскиот дневник, телефонски и онлајн комуникации, ученички портфолија, евидентни листови и свидетелства. Дополнително, стручната служба реализира консултативно-советодавни разговори со родители и ученици, со цел навремено да се идентификуваат потешкотиите и да се предложат мерки за поддршка.

За подобрување на постигањата се реализираат **редовна, дополнителна и додатна настава**. Напредокот на учениците се следи преку споредба со претходните класификациони периоди и со истиот период од претходната учебна година. На тој начин се овозможува навремено приспособување на поддршката според потребите на учениците.

Во однос на екстерните тестирања, во последните четири години во училиштето не се реализирани такви тестирања, поради што не постојат актуелни податоци од овој тип за

споредување на постигањата. Исто така, бидејќи во училиштето нема ученици од различни етникуми, не се прават споредби на постигањата според етничка припадност, додека следењето според пол и јазик на наставата треба да се разгледува согласно расположливите податоци.

Силни страни

- Воспоставен е **континуиран систем за следење и анализа на постигањата** по предмети, одделенија, паралелки и класификациони периоди.
- Се прават **споредби со претходни класификациони периоди и претходни учебни години**, што овозможува следење на напредокот.
- Редовно се идентификуваат учениците со **слаби оценки и потешкотии во учењето**.
- Постои воспоставена соработка меѓу **наставниците, стручната служба и родителите/старателите**.
- Учениците со посебни образовни потреби се идентификуваат и се обезбедува соодветна поддршка.
- Се реализираат **редовна, дополнителна и додатна настава** според потребите на учениците.
- Родителите/старателите се **редовно и навремено информирани** за успехот, редовноста и однесувањето на учениците.
- Се користат повеќе начини на комуникација со родителите: родителски средби, индивидуални разговори, електронски дневник, телефонска и онлајн комуникација.
- Се применува **советодавна работа со ученици и родители/старатели** како мерка за подобрување на постигањата и однесувањето.
- Забележано е **значително намалување на вкупниот број изостаноци** во 2025/26 година во однос на претходната година.
- Постои документација и евиденција што овозможува следење на преземените мерки и поддршката на учениците.
- Постои вклучување на родителите преку **Советот на родители и Училишниот одбор** во информирањето за успехот, редовноста и дисциплината.

Слаби страни

- Зголемен е бројот на **советувања на ученици поради несоодветно однесување**, особено во второто полугодие.
- Во 2025/26 година е забележано **зголемување на советувањата поврзани со намален успех** кај учениците.
- И покрај намалувањето на вкупниот број изостаноци, **просекот на изостаноци во јуни се зголемува**.
- Вкупниот просек на изостаноци останува **непроменет (12,5)**, што укажува на потреба од дополнителна анализа на причините за отсуствата.
- Недостасуваат актуелни податоци од **екстерни тестирања**, што ја ограничува можноста за поширока споредба на постигањата.
- Потребно е посистематско следење на ефектите од преземените мерки кај учениците со **континуирано слаб успех**.
- Потребно е дополнително јакнење на **превентивната работа во областа на однесувањето**.

- Потребно е понагласено следење на поврзаноста меѓу **редовноста, однесувањето и постигањата** на учениците.
- Потребно е континуирано унапредување на индивидуализираните форми на поддршка за учениците со различни образовни потреби.

Приоритети

- **Продолжување и унапредување на систематското следење на постигањата** по предмети, одделенија, паралелки и класификациони периоди.
- Засилување на **дополнителната настава** и следење на нејзината ефикасност преку конкретни показатели за напредок.
- Навремено идентификување на причините за **намален успех и нередовно присуство** и преземање соодветни мерки.
- Подобрување на системот за **следење на ефектите од советувањето** на учениците и родителите/старателите.
- Продолжување и унапредување на **соработката со родителите/старателите**, особено кај учениците кај кои се забележуваат континуирани тешкотии.
- Поголема употреба на податоците од анализите за **планирање на конкретни мерки за подобрување на постигањата**.
- Продолжување на поддршката за учениците со **посебни образовни потреби** и подобрување на индивидуализацијата на наставата.
- Унапредување на системот за **рано откривање на ученици со ризик од намален успех, нередовност или несоодветно однесување**.

Подрачје 3 Училишна клима и односи во училиштето

Опис/резиме на подрачјето

Училишната клима и односите во училиштето се на **задоволително до високо ниво**, што се потврдува преку анализата на анкетите со наставници, ученици и родители, како и преку увидот во училишната документација, кодексите на однесување, извештаите, записниците и реализираните активности. Училиштето има изграден препознатлив углед во локалната средина, кој се темели на континуираното остварување на воспитно-образовната дејност, постигањата на учениците, учеството во натпревари, проекти, хуманитарни и воннаставни активности, како и соработката со родители, локалната заедница и други институции.

Во училиштето постои **позитивна и безбедна атмосфера**, со воспоставени правила и јасно дефинирани права и обврски преку Кодексите за однесување, Куќниот ред и Правилникот за изрекување педагошки мерки. Податоците од анкетите покажуваат високо ниво на меѓусебно почитување меѓу наставниците и учениците: 65,9% од наставниците и дури 91,2% од учениците сметаат дека во училиштето владее обострано почитување. Истовремено, 86,8% од учениците и 89,7% од родителите сметаат дека наставниците се однесуваат еднакво и правично кон сите ученици.

Училиштето посветува значително внимание на **еднаквоста, правичноста и почитувањето на детските права**. Учениците се запознаваат со своите права и обврски преку наставата, одделенските часови, работилници и активности на ученичките

организации. Високиот процент од 94,1% ученици кои изјавиле дека ги знаат своите права и обврски претставува позитивен показател.

Постои развиена **партиципација на учениците** преку Ученичкиот парламент, Детската организација и подмладокот на Црвениот крст. Учениците се информираат, консултираат и вклучуваат во одредени активности и одлуки, а претставници на Ученичката заедница учествуваат и во работата на Училишниот одбор без право на глас. Ова создава основа за понатамошно јакнење на ученичкиот глас во училиштето.

Соработката со родителите е **редовна и повеќеканална**. Сите анкетирани родители (100%) изјавиле дека навремено се информирани од одделенските раководители за успехот, поведението и дисциплината на своите деца, а 98,7% се чувствуваат добредојдени во училиштето. Исто така, 96,2% сметаат дека училиштето прифаќа конструктивни иницијативи и сугестии од родителите. Сепак, анкетата покажува дека формалната и активна вклученост на родителите во животот и работата на училиштето не е на исто ниво кај сите родители.

Особено значајна е **севкупната грижа за учениците**. Училиштето има воспоставени механизми за превенција и заштита од насилство, заштита од ризични однесувања, грижа за здравјето и безбедноста, поддршка на ученици од социјално загрозени семејства, ученици со здравствени и социо-емоционални тешкотии, како и поддршка при изборот на понатамошното образование. Постоењето на Тим за справување со насилство, сандаче и електронска адреса за пријавување насилство, како и соработката со релевантни институции, претставуваат важни механизми за заштита на учениците.

Училиштето има **развиена соработка со локалната заедница**, Општина Охрид, други училишта, Црвениот крст, невладини организации, спортски и еколошки организации, деловниот сектор и меѓународни партнери преку Еразмус+ проектите и партнерските училишта. Овие активности придонесуваат за отвореност на училиштето кон заедницата и за збогатување на воспитно-образовниот процес.

Севкупно, податоците упатуваат на **стабилна и позитивна училишна клима, високо ниво на чувство на прифатеност и безбедност, развиени механизми за заштита и поддршка на учениците и добра соработка со родителите и локалната заедница**. Како простор за понатамошно унапредување особено се издвојува потребата од поголема и порамномерна активна вклученост на родителите, дополнително јакнење на ученичкото учество во донесувањето одлуки и континуирано следење на перцепциите за еднаков и правичен третман, имајќи предвид дека дел од учениците и наставниците посочуваат дека почитувањето и правичноста не се подеднакво присутни во сите односи.

Силни страни

- Изграден и препознатлив углед на училиштето во локалната средина, потврден и со резултатите од анкетите.
- Висока перцепција за угледот кај наставниците: 92,7% го оценуваат со 4 или 5.
- Висока перцепција за угледот кај родителите: 89,7% го оценуваат со 4 или 5.
- 98,7% од родителите се чувствуваат добредојдени во училиштето.
- 96,2% од родителите сметаат дека училиштето прифаќа конструктивни иницијативи и сугестии.
- 100% од родителите потврдуваат навремено информирање од одделенските раководители за успехот, поведението и дисциплината на децата.
- Позитивен однос наставник–ученик и високо ниво на меѓусебно почитување.
- 91,2% од учениците сметаат дека владее обострано почитување меѓу наставниците и учениците.

- Постојат јасни и достапни кодекси за однесување на учениците, наставниците и родителите, како и Куќен ред.
- Дисциплината на учениците е оценета како солидна, со мал број случаи на несоодветно однесување и воспоставен систем за навремено постапување.
- Високо ниво на перцепција за еднаков и правичен третман на учениците – 86,8% од учениците и 89,7% од родителите го потврдуваат тоа.
- Нема забележливо повторување на имиња на наставници во одговорите на учениците кои посочуваат нееднаков третман.
- Високо ниво на познавање на правата и обврските на учениците – 94,1% од анкетираните ученици ги познаваат.
- Развиени форми на ученичко учество преку Ученички парламент, Детска организација и ПЦК/Клуб на Црвен крст.
- Вклучување на ученици во работата на Училишниот одбор преку претставници на Ученичката заедница.
- Постоење на сандаче за пофалби и поплаки како механизам за изразување мислења и иницијативи.
- Развиена и континуирана соработка со родителите преку родителски средби, индивидуални средби, Совет на родители, е-дневник, отворени/приемни денови и електронска комуникација.
- Развиена соработка со Општина Охрид и локалната заедница.
- Богата мрежа на партнерства со други училишта, Црвен крст, невладини организации, еколошки организации, спортски здруженија и деловната заедница.
- Континуирано реализирање на Еразмус+ и други партнерски проекти, со можности за размена на искуства и професионален развој.
- Развиена превенција и заштита од насилство, со воспоставен тим, процедури, евиденција и канали за пријавување.
- Континуирани превентивни активности за заштита од пушење, алкохол и дрога.
- Систематска грижа за хигиената, здравјето и безбедноста на учениците и вработените.
- Постојат механизми за поддршка на ученици од социјално загрозени семејства преку хуманитарни акции и донации.
- Развиена поддршка за ученици со здравствени проблеми и посебни образовни потреби, вклучително и тимови за поддршка и индивидуални планови.
- Континуирана грижа за социо-емоционалната добросостојба преку стручната служба, советодавни разговори и работилници.
- Организирана професионална ориентација и поддршка на учениците при изборот на понатамошното образование.

Слаби страни

- И покрај позитивната слика, дел од наставниците (31,7%) сметаат дека взаемното почитување постои само меѓу некои наставници и ученици, што укажува на потреба од континуирано следење и унапредување на односите.
- Мал дел од наставниците и учениците сепак посочуваат дека односите не се целосно засновани на взаемно почитување.
- 11,8% од учениците сметаат дека само некои наставници се однесуваат еднакво и правично кон сите ученици.
- 7,7% од родителите го делат ставот дека не сите наставници се однесуваат еднакво и правично.

- Постои мал, но важен процент ученици и родители кои изразуваат сомнеж во целосната еднаквост и правичност, што треба да се следи и анализира без генерализирање.
- Активната вклученост на родителите е нерамномерна – 34,6% од родителите се изјасниле дека се само делумно, малку или многу малку вклучени во животот и работата на училиштето.
- Само 30,8% од родителите се изјасниле дека се многу вклучени во животот и работата на училиштето.
- Родителите укажуваат на потреба од поголема вклученост на сите родители, а не само на поединци.
- Потребно е дополнително активирање на Советот на родители, особено во поглед на иницијативноста и конкретните активности.
- Постоечките можности за ученичко учество може да се прошират од учество во активности кон поголемо систематско учество во предлагање, консултирање и следење на одлуките.
- Потребно е континуирано следење на ефектите од педагошките мерки и превентивните активности, особено во делот на однесувањето и дисциплината.
- Соработката со локалната заедница е развиена, но во одредени сегменти е опишана како делумна, особено во поглед на поддршката и вклучувањето во подобрување на условите за работа.
- И покрај постоењето на активности за здрава исхрана, училиштето нема сопствена кујна/организиран систем за обезбедување храна, па учениците зависат од храна донесена од дома или купена во околните продавници.
- Потребно е континуирано унапредување на системите за рано препознавање и поддршка на социо-емоционалните потреби на учениците.
- Потребно е редовно прибирање и анализа на повратни информации од учениците, родителите и вработените за училишната клима, со цел навремено препознавање на појави кои не се видливи преку формалната документација.

Приоритети

Зголемување на активната и рамноправна вклученост на родителите

- креирање конкретни форми за учество на поголем број родители;
- заеднички работилници и активности родител–ученик–наставник;
- зајакнување на улогата и иницијативноста на Советот на родители;
- редовно прибирање предлози и повратни информации од родителите.

Континуирано унапредување на односите наставник–ученик

- следење на перцепциите за меѓусебното почитување;
- активности за ненасилна комуникација, емпатија и разрешување конфликти;
- размена на добри практики меѓу наставниците;
- навремено постапување при појава на нарушени односи.

Јакнење на еднаквиот и правичен третман на сите ученици

- редовно следење на ставовите на учениците и родителите;
- идентификување на причините поради кои дел од учениците не чувствуваат целосна еднаквост;
- унапредување на практиките за инклузивен и индивидуализиран пристап.

Зголемување на ученичкото учество во донесувањето одлуки

- проширување на можностите учениците да предлагаат активности и решенија;

- поактивно користење на Ученичкиот парламент и сандачето за пофалби и поплаки.

Унапредување на системот за превенција и заштита од насилство

- континуирана едукација на ученици, наставници и родители;
- редовно следење на ризичните ситуации;
- дополнително промовирање на каналите за пријавување насилство.

Понатамошно јакнење на социо-емоционалната поддршка на учениците

- рано препознавање на емоционалните тешкотии;
- превентивни работилници за ментално здравје, самодоверба, справување со стрес и конфликти;
- зајакнување на соработката меѓу наставниците, ППС, родителите и релевантните институции.

Продлабочување на партнерството со локалната заедница

- развивање нови партнерства со институции, организации и локални компании;
- поголемо вклучување на локалната заедница во образовни, културни, еколошки и хуманитарни активности;
- обезбедување дополнителна поддршка за подобрување на условите за работа во училиштето.

Континуирано следење и унапредување на училишната клима

- периодично повторување на анкетите со ученици, родители и наставници;
- споредување на резултатите по години;
- користење на добиените податоци при планирање на мерки за подобрување;

Подрачје 4 Управување и раководење

Опис/резиме на подрачјето

Училиштето има воспоставен систем на управување и раководење кој се темели на законските и статутарните одредби и јасно дефинирани надлежности на органите и телата во училиштето. Највисок орган на управување е Училишниот одбор, составен согласно законската регулатива и Статутот на училиштето. Училишниот одбор има 7 членови, а во неговата работа учествуваат и двајца ученици од Училишниот парламент со право да даваат мислења и предлози, но без право на глас.

Работата на Училишниот одбор се реализира согласно Статутот и Програмата за работа, со навремено информирање на членовите за состаноците, дневниот ред и материјалите за работа. Одлуките се донесуваат со мнозинство, а финансиското работење на училиштето редовно се презентира пред членовите на Училишниот одбор. Резултатите од анкетата покажуваат дека сите 7 членови на УО, односно 100%, ја оценуваат соработката со директорот, стручната служба, наставниците и другите заинтересирани страни како многу добра, а сите членови потврдиле дека навремено и редовно се информирани за состаноците и дневниот ред.

Директорот ја има јасно определената раководна функција и ги координира воспитно-образовната, стручно-педагошката, административната и организациската работа. Од добиените податоци се согледува дека раководењето е насочено кон тимска работа, професионален развој на вработените, подобрување на условите за работа и ставање на учењето и постигањата на учениците во центарот на училишните активности.

Анкетата со наставниците потврдува висок степен на позитивна перцепција за раководењето. Најголем дел од наставниците сметаат дека директорот ја поттикнува тимската работа, има јасна визија за развојот на училиштето и го става учењето и постигањата на учениците во фокусот. И кај родителите преовладува позитивна перцепција за работата на директорот, особено во однос на односот кон учениците и родителите и фокусот кон учењето и постигањата.

Раководењето со подрачните училишта во Косел и Куратица е организирано преку назначени раководители кои соработуваат со директорот и стручната служба. Соработката е оценета како добра и се одвива преку непосредна комуникација, телефон, електронска пошта и други средства за комуникација. Истовремено, раководителите на ПУ укажуваат на потреба од почеста поддршка и посета од страна на службите и директорот, како и на одредени инфраструктурни, материјални и организациски потреби. Училиштето располага со воспоставени механизми за планирање и управување со ресурсите. Постојат планови за користење на расположливите капацитети, а преку проекти, донации и соработка со различни организации се обезбедени дополнителни материјално-технички ресурси. Во изминатиот период се реализирани значајни инфраструктурни зафати и набавки, меѓу кои изградбата и опремувањето на спортската сала во Лескоец, набавката на компјутери и паметна табла и унапредувањето на библиотечните услови.

Во однос на стручната литература и современите технички средства, податоците од анкетата покажуваат дека постои потреба од нивно континуирано обновување. Иако ниту еден наставник не дал негативен одговор, значителен дел од наставниците се изјасниле дека само делумно се согласуваат дека училиштето располага со доволно современа стручна литература и технички средства.

Наставниот процес континуирано се следи од страна на директорот и стручната служба преку посети на часови, следење на наставните и воннаставните активности, увид во педагошката документација, следење на професионалниот развој и други форми на следење. Собраните податоци се користат за професионален развој и обезбедување поддршка на наставниот кадар.

Во делот на креирањето училишна политика, училиштето има воспоставен партиципативен пристап. Годишната програма, самоевалуацијата и Програмата за развој се подготвуваат со вклучување на директорот, стручната служба, наставниците, родителите и учениците. Училиштето има изработено четиригодишна Програма за развој за периодот 2023–2027 година, со јасно дефинирани приоритети, цели, активности, начини на следење и вреднување.

Планирањето и управувањето со училишниот буџет се реализира преку финансиски планови, постапки за јавни набавки и известување за финансисокото работење. Вработените и претставниците на родителите се информираат за располагањето со финансиските средства преку финансиски извештаи и преку своите претставници во Училишниот одбор.

Силни страни

- Училишниот одбор е формиран и функционира согласно законските и статутарните одредби.
- Постои јасна поделба на надлежностите и одговорностите меѓу органите и телата на училиштето.
- Училишниот одбор има добра соработка со директорот, стручната служба, наставниците, родителите, учениците и локалната самоуправа.

- 100% од членовите на УО потврдуваат дека редовно и навремено се информирани за состаноците и дневниот ред.
- 100% од членовите на УО позитивно ја оценуваат соработката со релевантните субјекти.
- Директорот има јасна визија за развој на училиштето и работата ја насочува кон остварување на поставените цели.
- Висок процент од наставниците ја препознаваат тимската работа како значаен дел од раководењето.
- 92,7% од наставниците целосно се согласуваат дека директорот има јасна визија за развој на училиштето.
- 92% од наставниците целосно се согласуваат дека учењето и постигањето на учениците се во фокусот на училишните активности.
- Родителите имаат позитивна перцепција за односот на директорот кон учениците и родителите; 92,3% целосно се согласуваат дека директорот одржува добар и коректен однос.
- Постојат воспоставени механизми за следење и унапредување на наставниот процес.
- Систематски се следи работата на наставниците преку посети на часови, увид во документацијата, следење на активности и професионален развој.
- Податоците од следењето се користат за планирање на професионалниот развој на наставниците.
- Училиштето има јасни и дефинирани цели и четиригодишна Програма за развој 2023–2027.
- Во креирањето на училишната политика се вклучуваат различни заинтересирани страни – наставници, стручна служба, родители и ученици.
- Училиштето има воспоставен систем за планирање и управување со ресурсите.
- Успешно се реализирани повеќе инфраструктурни и опремувачки проекти преку проекти, донации и други извори.
- Постои транспарентност во информирањето за финансиското работење преку Училишниот одбор и финансиските извештаи.
- Постојат позитивни практики во управувањето со подрачните училишта и воспоставена директна комуникација со нивните раководители.

Слаби страни

- Иако соработката со Училишниот одбор е оценета позитивно, потребно е и понатаму да се јакне **активното учество на учениците** во процесите на управување и креирање политики, особено преку нивните предлози и иницијативи.
- Кај дел од наставниците постои потреба од дополнително унапредување на тимската работа, имајќи предвид дека мал дел од нив не ја оценуваат највисоко улогата на директорот во овој сегмент.
- Иако перцепцијата за визијата на директорот е позитивна, дел од родителите (**19,2%**) изјавиле дека не се запознаени со визијата за развој на училиштето, што укажува на потреба од поактивно информирање на родителите за развојните цели и приоритети.
- Постои потреба од континуирано обновување и збогатување на **стручната литература**, особено со современи извори кои ги следат актуелните наставни текови.

- Потребно е континуирано осовременување и зголемување на бројот на **современи технички и дигитални средства**.
- Кај подрачните училишта се идентификувани одредени инфраструктурни, материјални и технички потреби.
- Потребна е почеста посета и директна поддршка на подрачните училишта од страна на директорот и стручната служба.
- Потребно е подобрување на условите за продолжен престој во ПУ Косел.
- Потребно е континуирано уредување и подобрување на училишните дворови, училниците и заедничките простории во подрачните училишта.
- Потребно е обезбедување доволно потрошни материјали и опрема во подрачните училишта, согласно нивните специфични потреби.
- Иако постои систем за следење на наставниот процес, потребно е уште посистематско користење на резултатите од следењето за планирање конкретни мерки за подобрување на наставата.
- Еден дел од наставниците имаат само делумна согласност дека училиштето располага со доволно современи технички средства (**48,8%**), што укажува на простор за понатамошно опремување.
- Во библиотеките постои потреба од дополнување на лектирниот фонд согласно измените во наставните планови и програми.
- Потребно е континуирано подобрување на механизмите за информирање на сите заинтересирани за реализацијата на развојните цели и постигнатите резултати.

Приоритети

- Продолжување со практиката на тимско и транспарентно раководење.
- Зголемување на учеството на учениците, родителите и вработените во креирањето и следењето на училишните политики.
- Поттикнување поголем број иницијативи и предлози од Училишниот парламент и Советот на родители.
- Подобрување на информирањето на родителите за визијата, развојните цели и постигнувањата на училиштето.
- Обезбедување дополнителна современа ИКТ опрема и нагледни средства.
- Континуирано обновување на стручната литература и лектирниот фонд.
- Планирање на набавките врз основа на реалните потреби идентификувани од наставниците и стручната служба.
- Продолжување со аплицирање до проекти, донатори и други извори за обезбедување дополнителни ресурси.
- Уредување и опремување на просторија за продолжен престој во ПУ Косел.
- Уредување и оградување на училишните дворови.
- Санација и бојадисување на училниците и заедничките простории.
- Обезбедување потребни потрошни материјали и опрема.
- Продолжување со систематското следење на наставата преку посети на часови, увид во документацијата и следење на постигањата.
- Резултатите од следењето да се користат за идентификување конкретни потреби за поддршка на наставниците.
- Зајакнување на интерното споделување добри практики меѓу наставниците.
- Поврзување на индивидуалните планови за професионален развој со реалните потреби утврдени преку следењето на наставниот процес.
- Навремено пренесување на нереализираните приоритети во наредните годишни програми.
- Користење повеќе комуникациски канали за родителите да бидат запознаени со развојните приоритети и постигнувањата на училиштето.

Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

1. **Унапредување на квалитетот на наставно-образовниот процес**
   Примена на современи, активни и интерактивни наставни методи, со поголем фокус на активното учење и ученикот.

2. **Зголемување на мотивацијата и активното учество на учениците**
   Создавање услови учениците да бидат поактивни, мотивирани и вклучени во наставата и училишниот живот.

3. **Подобрување на постигањата на учениците**
   Систематско следење на постигањата и преземање конкретни мерки преку дополнителна настава, индивидуална поддршка и следење на напредокот.

4. **Унапредување на диференцираната и индивидуализирана настава**
   Прилагодување на наставните активности и задачите кон различните можности, потреби и интереси на учениците.

5. **Зајакнување на инклузивното образование и поддршката на учениците со посебни образовни потреби**
   Подобрување на индивидуалната поддршка, соработка со образовни асистенти, родители, стручната служба и ресурсниот центар.

6. **Унапредување на системот на оценување и користење на резултатите од оценувањето**
   Поголема примена на формативното оценување, самооценување, врсничко оценување и користење на податоците за подобрување на наставата.

7. **Зајакнување на професионалниот развој на наставниците**
   Организирање интерни обуки, работилници, меѓусебна размена на искуства и споделување успешни наставни практики.

8. **Унапредување на училишната клима и односите наставник–ученик**
   Развивање култура на меѓусебно почитување, доверба, емпатија, ненасилна комуникација и конструктивно решавање конфликти.

9. **Подобрување на дисциплината, безбедноста и превенцијата од насилство**
   Ефикасно следење на дисциплината, рано препознавање на ризични ситуации и унапредување на системот за превенција и заштита од насилство.

10. **Зајакнување на социо-емоционалната поддршка на учениците**
    Рано препознавање на емоционалните тешкотии и реализација на активности за ментално здравје, самодоверба, справување со стрес и конфликти.

11. **Зголемување на учеството на учениците во донесувањето одлуки и училишниот живот**
    Зајакнување на улогата на Ученичкиот парламент и создавање повеќе можности учениците да предлагаат активности и решенија.

12. **Зајакнување на партнерството со родителите**
    Поголемо и поактивно вклучување на родителите во животот и работата на

училиштето преку работилници, заеднички активности и редовно прибирање повратни информации.

13. **Унапредување на соработката со локалната заедница и партнерските институции**
    Развивање соработка со институции, организации, компании и донатори за поддршка на образовните и развојните цели на училиштето.

14. **Подобрување на материјално-техничките и просторните услови**
    Обезбедување современа ИКТ опрема, нагледни средства, потрошен материјал, стручна литература, подобрување на интернетот и уредување на училишните простории и дворови.

15. **Развивање на проектна, меѓународна и еколошка активност на училиштето**
    Поголемо учество во Еразмус+ и други проекти, повторно активирање на ЕКО-патролата и реализација на активности со кои учениците стекнуваат практични, дигитални, социјални и интеркултурни компетенции.

16. **Унапредување на системот за управување, следење и планирање на развојот на училиштето**
    Тимско и транспарентно раководење, редовно следење на реализацијата на приоритетите, користење податоци и резултати при планирањето и навремено пренесување на нереализираните активности во наредните планови.

Комисија за спроведување на СЕУ:

Весна Терзиоска – педагог

Александра Трпеска – психолог

Елеонора Ѓорѓиеска – одделенски наставник

Елисабета Настоска – предметен наставник

Билјана Трајкоска – претставник на Совет на родители